**Општина Брвеница**

До:
Општина Брвеница
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности,
сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија

**БАРАЊЕ**
за добивање на одобрение за вршење на дејност и за поставување на урбана опрема

Од_______________________________________________________________
(име и презиме на физичко лице или назив на правно лице)

_______________________________________________________________
(адреса на физичко лице или седиште на правно лице)

1. Кон барањето се приложува:

- Елаборат;

Елаборатот се изработува согласно пропишаните услови и стандарди и ги содржи следните податоци и прилози:

1. Назив и седиште, односно име и презиме и адреса на живеење на заинтересираниот субјект,
2. Извод од соодветниот регистер каде што е регистриран заинтересираниотсубјект,
3. Доказ дека се исполнети минимално-техничките услови за вршење на дејноста и други услови пропишани созакон,
4. Имотен лист за деловната просторија пред која ќе се врши дејноста(договор за закуп на просторија) или, доколку користење на јавна површина се бара за потреби на градилиште, акт за уредување и организација на градилиште,
5. Регистрација на дејност, лиценца и овластување од одговорниот проектант, за правниот субјект кој ја изготвува техничкатадокументација,
6. Извод од ДУП за предметниотлокалитет,
7. Технички опис,
8. Детален цртеж со опис на постојната состојба на површината на која се бара да се врши дејност со околниот простор во размер од кој може лесно да се согледа ситуацијата (1:1000 или 1:500)

9. Детален цртеж со опис на новата ситуација на површината на која се бара да се врши дејност со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура во размер (1:200 или1:100),
10. Детален цртеж со опис на површината предвидена за користење (1:100 или 1:50)
11. Детали на урбана опрема што ќе се лоцираат на површината на која се бара да се врши дејност во размер (1:20 или 1:10).
12. Во деталните цртежи од точките 6, 7, 8 да се прикажат со опис предвидените мерки за заштита од пожар и експлозија дефинирани со технички прописи и правила.

Елаборатот се доставува во четири примероци, од кои два по завршената постапка се враќаат на заинтересираниот субјект, заверени со печат на Општина Брвеница.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема, може да биде:

- сезонско, за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.)
- годишно, за период до 1 година (угостителство, трговија, градилиште и

др.) Датум и место на поднесување Барател/и

_________________________ ______________________

**Општина Брвеница**

**Упатство за:**
**Начин на водење на постапката за добивање на одобрение за вршење на дејност и за поставување на урбана опрема.**

- Постапката започнува со поднесување на **барање** за добивање на **одобрение за вршење на дејност**, кое се доставува до Градоначалникот на Општина Брвеница, со прилижен Елаборат(кој ги содржи содржините прикажани горе вобарањето).

Постапката по барањето ја спроведува, Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија (во понатамошниот текст: Надлежниот сектор во општината), преку Одделението за урбанизам и заштита на животна средина/Одделението за локален економски развој.

Доколку барањето и елаборатот се во согласност со одредбите на законите која ја регулираат оваа област и прописите донесени врз основа на законот, општите и посебните стандарди, утврдени во Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Брвеница, на заинтересираниот субјект му се издава пресметка кој е должен да ја плати во рок од 5 дена од приемот.

Доколку во овој рок не се плати комуналната такса, ќе се смета дека заинтересираниот субјект го повлекол своето барање за добивање одобрение за поставување на урбана опрема на јавна површина пред деловнитеобјекти.

По регулирањето на плаќањето на комуналната такса, Градоначалникот на општината издава **одобрение за вршење на дејност на јавна површина пред деловната просторија.** Издаденото одобрение значи и дадена согласност за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема во границите на определената јавна површина, кое се издава во рок од 5 дена.

Кога просторот пред деловната просторија на кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост, **потребно е само одобрение за вршење на дејност пред деловната просторија.**

- **Урбана опрема се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со или без настершници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.**

Барањето за поставување на урбаната опрема: за време од 24 часа за (манифестации, презентации и др.) и за период до 30 дена за (манифестации, презентации, изложби и др.) се смета за краткотрајно поставување на урбанаопрема.

Во барањето се опишува потребната површина и локацијата за поставување начинот на уредување на завземената површина и времето за кое се поставува опремата. Кон барањето се приложува скица со технички опис на просторот кои се побарува.

Одобрението по ова барање се издава од надлежниот орган за период најмногу до 60 дена.

- Заинтересираниот субјект е должен во барањето да го наведе(заокржи) времетраењето на одобрението за поставување на урбанаопрема.